ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за фризерско-козметички услуги ОЛИВЕРА-АРТ ДООЕЛ Велес, поднесен од должникот како предлагач, преку полномошник адвокат Јованче Цилаков од Велес на ден 03.11.2025 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за фризерско-козметички услуги ОЛИВЕРА-АРТ ДООЕЛ Велес со единствен матичен број на субјектот 7110596, со едининствен даночен број 4004016513822 и сметка број 240290105075604 во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 96.02-Фризерски салони и салони за разубавување.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отварање на стечајна постапка на ден 22.12.2025 година во 10.30 часот во судница 4 на Основниот суд Велес.

ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ИМЕНУВА лицето Весела Петрулева од Велес, ул. Благој Ѓорев бр.104 а/18 и тел. 078 260 998.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање и дали има имот кој е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Против ова решение не е дозволена жалба.

## О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од страна на должникот Друштво за фризерско-козметички услуги ОЛИВЕРА-АРТ ДООЕЛ Велес како предлагач, преку полномошник адвокат Јованче Цилаков од Велес, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка. При претходно испитување на предлогот во смисла на чл.53 ст.1 од Законот за стечај судот најде дека предлагачот постапил по задолжението на судот со решение СТ бр.6/25 од 22.10.2025 година, и со тоа се доставени потребните докази за да може да се постапува по истиот.

Предлагачот достави доказ дека на ден 30.10.2025 година има извршено уплата на аванс за покривање на трошоците на претходната постапка во износ од 25.000,00 денари, а во смисла на чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

При ваква состојба судот најде дека се исполнети законските претпоставки за поведување на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка.

Имено, според чл.51 ст.1 од Законот за стечај, стечајна постапка се поведува на предлог на доверителот, должникот или друго лице овластено со закон кога се исполнети условите предвидени со овој закон, а став 9 од истиот член на законот предвидува кои докази треба да се поднесат од страна на должникот кога тој поднесува предлог за отворање на стечајна постапка.

Според чл.54 ст.1 од истиот закон, стечајниот судија во рок од три дена по доставување на поднесок дека авансот е уплатен од страна на предлагачот, носи решение за поведување на претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајна постапка, а според ст.2, со решението за поведување на претходна постапка, стечајниот судија ќе закаже рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението за поведување на претходна постапка.

Согласно чл.58 ст.1 од истиот закон, стечајниот судија може по барање на

предлагачот или по службена должност со решението за поведување на претходна постапка да ги определи сите потребни мерки со кои до донесувањето на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка би се спречило да настанат такви промени во финансискиот статус и имотната положба на должникот кои за доверителите би можеле да бидат неповолни, а според ст.2 т.1, стечајниот судија особено може, да именува привремен стечаен управник од листата на стечајни управници кои се стекнале со звање овластен стечаен управник.

Според чл.59 ст.2 од истиот закон, стечајниот судија може да побара привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање.

Во конкретниот случај, предлогот за отварање на стечајна постапка е поднесен од овластен предлагач - должникот, истиот е уреден со тоа што се доставени сите потребни докази да може да се постапува по предлогот, поради што врз основа на цитираните законски одредби следуваше судот да одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение не е дозволена жалба, а согласно чл.54 ст.2 и чл.58 ст.3 од Законот за стечај.

ДН:
- Привремен стечаен управник Весела Петрулева од Велес
- должник – преку полномошник
- оглас во Сл.Весник на РСМ
- огласна табла и веб страна на судот
- ЦРРСМ РРК Велес
- ОЈО Велес
- АКН Велес
- МВР-СВР Велес
- МФ УЈП РД Прилеп
- Универзална Инвестициона Банка АД Скопје